# Lansinoh рачна пумпа

Lansinoh рачната пумпа е направена од 100% полипропилен без бисфенол-А, пластика која се претпочита за чување на мајчиното млеко. Со уникатно ComfortSeal™ перниче, практична рачка и лесен дизајн, пумпата е удобна и лесна за употреба. Компактниот дизајн овозможува лесна употреба со една рака и дискретна преносливост, а во исто време е лесна за склопување, за употреба и чистење.

*Од сите пумпи кои ги имам пробано, само Lansinoh пумпата го издржа тестот на времето. Ми помогна да добијам умерена количина на млеко без истекување, а е лесна за чистење и склопување - не ви е потребна диплома од ракетна наука, само производ кој го прави точно она што го пишува на кутијата! - Линоа Катанач, автор, Teach Yourself Green Parenting.*

- Удобна
  Уникатното ComfortSeal™ перниче, обезбедува сигурно и удобно вписување за безбедно приспособување и побрз проток на млекото.
- Безбедна
  100% без бисфенол-А и може да се чисти во машина за садови
- Практична
  Практичната рачка не го оптоварува рачниот зглоб, овозможувајќи ефикасно пумпање со една рака за лесно имитирање на ритамот на бебешкото доење.
- Преносливост
  Компактна големина, тивка и многу лесна, пумпата може да се склопи за помалку од минута.
- Ефикасна
  Брза, нежна, удобна – без потреба од батерии или електрична енергија. Соодветна заштита и држач за шишиња кои го спречуваат истурањето и ја заштитуваат пумпата од нечистотии за време на патување.
- Стандардна големина
  Ви овозможува да го испумпате млекото во скоро сите бебешки шишиња.
- Додатоци
  Lansinoh пумпата има само 7 компоненти и вклучува две шишиња за чување и резервни делови.




The Green Parent · Baby Best Buy · I'm pregnant! My Best Buy · Tried & tested babyworld.co.uk · Parenting Media Winner Award

# Lansinoh HPA® ланолин

*Преземете ја Lansinoh брошурата „Како да избегнете болни брадавици" од www.lansinoh.mk*



Mother&Baby Awards 2009 GOLD – Best product for breastfeeding 2009

Ланолинот на Lansinoh не мора да се отстрани пред доењето затоа што е безбеден и чист за разлика од другите кремови за брадавици. Ние користиме уникатен процес на прочистување за селективно да се исчисти бојата и другите нечистотии кои предизвикуваат непријатен мирис, со што се гарантира отсуството на вода, хемикалии и парфем. Lansinoh е 100% чист хипоалергенски HPA® ланолин и е:

- без непријатен мирис;
- без вкус;
- без конзерванси;
- без антиоксиданти или други адитиви.

*После 5 дена доење, мојата сопруга чувствуваше неверојатни болки од раскрвавени брадавици. Еден пријател ни го препорача вашиот крем и сега се вративме на доењето. Ура! Нема сомневање, дека доколку не беше вашиот крем, немаше да можеме да продолжиме со доењето. Мојата единствена желба е да можев порано да дознаам за него. - Ален (и бебето Изабела)*

## За друга употреба:

Со обезбедување на полузатворена влажна бариера, ланолинот на Lansinoh го забавува природниот процес на сушење на делот од телото на кој е нанесен. Ова й овозможува на кожата да ја поврати сопствената природна влажност, одвнатре.
Ланолинот на Lansinoh, исто така, може да се користи за омекнување на: испукани усни, осип од пелени, сува кожа на лакти, петици и колена, стрии кои чешаат, помали исекотини, изгореници и првут на кожата. Корисен за целото семејство!

Ланолинот на Lansinoh е награден од British Allergy Foundation со Печат за одобрување. Ова значи дека е погоден за луѓе кои страдаат од алергии и научно е докажано дека го намалува изложувањето на алергените.




parenting Awards No.1 Choice · I'm pregnant! My Best Buy · Practical parenting Awards 09/10 · Star Buy




## Lansinoh производи

- Lansinoh 100% чист хипоалергенски HPA® ланолин
- Lansinoh LatchAssist™
- Еднократни влошки за гради
- Lansinoh Affinity™ двојна електрична пумпа
- Рачна пумпа
- Шишиња за чување мајчино млеко
- Ќеси за чување мајчино млеко



www.lansinoh.mk

LANSINOH



Lansinoh производите се достапни во сите дрогерии и подобро снабдени аптеки во Македонија.

NUTRIVITA – Live Healthy. Live Happy. Live Longer

Ексклузивен увозник:
НУТРИ ВИТА
29[ти] Ноември број 15 локал 3
1000 Скопје, Македонија

телефон: (02) 3230 - 777
e-mail: contact@nutrivita.mk
www.NutriVita.mk

LANSINOH

# Колекција за доење






Сите наши производи се 100% без бисфенол-А

www.lansinoh.mk

LANSINOH



# Посветени на мајките кои дојат

Доењето е најприродното и најпосебното нешто кое можете да го направите за вашето бебе, а сите Оддели за здравје во Велика Британија особено го препорачуваат доењето во првите шест месеци од животот на бебето. Сепак, и покрај тоа што е потполно природно, на некои мајки добро би им дошла помош. Мајките заслужуваат охрабрување, поддршка, како и точна, навремена информација. Тие, исто така, заслужуваат супериорни производи за да им се олесни доењето, да им се помогне за успешно исполнување на барањата кои ги налага денешниот динамичен начин на живот.

Lansinoh е основан од една мајка која доела пред 25 години и нашата цел до денешен ден останува иста: да ви овозможиме производи со беспрекорен квалитет за да помогнеме во негата на вашето семејство. Освен повеќекратно наградениот, 100% чист, HPA® ланолин за воспалени брадавици, во палетата на производи сега се вклучени и рачна и двојна електрична пумпа, еднократни влошки за гради, ќеси и шишиња за чување млеко и LatchAssist™, едноставен уред кој ќе ви помогне да ја повлечете брадавицата во првите денови од доењето.

Уживајте во ова посебно време со вашето бебе, знаејќи дека дарот од мајчиното млеко е дар кој трае доживотно. А Lansinoh е со вас...

ПРИРОДНО... ЧИСТО... ЕДНОСТАВНО...

## Lansinoh Affinity™ Двојна електрична пумпа

### Технологија Custom Expression™ за максимален проток на млеко

Специјално дизајнирана за да постигне максимален проток на млеко, додека во исто време, најдобро што може, го имитира природниот ритам на бебешкото цицање. Технологијата Custom Expression™ овозможува 2 фази - за брза и бавна стимулација, кои можат да се приспособат на индивидуалната потреба и удобност на мајката.

### Копче за брза промена на фазите

Нашето специјално копче за брза промена ѝ овозможува на мајката лесно да ги промени соодветните фази. Ќе ви биде од корист ако вашето млеко се испумпа пред поставеното време од 2 минути или едноставно, доколку сакате да ја одминете првата фаза. Некои мајки можат и повеќепати да го користат копчето, доколку се намали млекото за време на пумпањето.

### Заштита од враќање на млекото

Lansinoh Affinity™ е специјално дизајнирана пумпа која го спречува враќањето на млекото во цевката и пумпата, и служи за подобра хигиена и полесно чистење. Дизајнирана за долгорочна дневна употреба, дома или надвор од дома, Lansinoh пумпата може да се користи со батерии или електрична енергија, и секако не содржи бисфенол-А (BPA)*.

- ComfortFit™ перничиња за удобно и безбедно приспособување на градите
- Копче за брза промена на фазите
- Посебни нивоа за брзина и впивање (8 поставки за впивање и 6 за брзина)

- LCD екран, лесно читлив
- Лесно за употреба и чистење
- Лесен и пренослив дизајн
- За долгорочна дневна употреба, дома или надвор
- Со електрична енергија или на батерии

Добијте го млекото за многу пократко време!




*Бисфенол-А, органска супстанца која се содржи во пластиката и е штетна за човековото здравје.

## Lansinoh LatchAssist™

Во првите денови по раѓањето, мајките можат да искусат повлечени брадавици, привремена состојба која може да го отежне доењето и да го направи неудобно. Исто така, кожата може толку да им се растегне, така што нивните брадавици наместо да бидат испакнати, ќе бидат рамни. Рамните брадавици можат да му го отежнат доењето на вашето бебе. За жените кои имаат рамни брадавици, Lansinoh го иновираше LatchAssist™, едноставна направа за привремено да ги испакне брадавиците и да овозможи добра лактација - првиот чекор до успешно доење.

- Нежно ја повлекува брадавицата
- Едноставен, ефикасен и лесен за користење
- Вклучува мала кутија за хигиена и преносливост

Клинички и дерматолошки тестирано

Се користи во 90% од британските болници

„Многу јасен и лесен за употреба, ѝ дава самодоверба на жената. Јас го препорачувам LatchAssist™ затоа што може да го спречи откажувањето на многу жени од доење, како последица од рамни/повлечени брадавици. Решението сега ви е на дофат со LatchAssist™!" - Џуди Фокс, акушерка.




НЕЖНО... ЧИСТО... БЕЗБЕДНО... ПРИЈАТНО...

Преземете ја Lansinoh брошурата „Измолзување и складирање на млекото" од www.lansinoh.mk




## Ќеси за чување млеко

- Пред-стерилизирани и направени од полиетилен безбеден за храна, без употреба на пластични ќеси
- Двоен патент за сигурно затворање
- Можност да се пишува однадвор на непополнетата област, за да се избегне потенцијално продупчување на ќесата и загадување на млекото
- Практично пакувани за лесен пристап и чување
- Проширеното дно на ќесите, овозможува подобро чување
- Посебно усовршени за замрзнувач

## Еднократни влошки за гради

Избегнете ги непријатните истекувања со овие суперапсорбирачки влошки. Меката, сува обвивка го впива млекото од кожата и го насочува кон средината на влошката каде се апсорбира со специјален полимер. Ова уникатно дејство ја одржува сува вашата кожа и облеката. Специјалната контура овозможува потполна покриеност, а лепливите ленти кои не се лизгаат, ја држат влошката на место.

- Ултратенки, лесни и удобни
- Еднонасочна технологија на проток
- Обликувани за природно приспособување кое не се гледа под облеката
- Суперапсорбирачки полимер
- Леплива лента која не се лизга

- Водоотпорна ламинирана (непластична) ткаенина
- Единствена форма на полимер кој ја задржува својата форма кога е влажен
- Хигиенски завиткани - совршени за вашата чанта кога сте излезени




Преземете ја Lansinoh брошурата „Работни обврски и доење" од www.lansinoh.mk